страна на Стручната служба на КИРМ до странката и онаму каде што не беше постапено по истото, КИРМ ги отфрли овие поднесоци како неуредни. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

По 42 поднесоци се уште се чека одговор од извршител, од кои по 3 од овие поднесоци испратени се и ургенции за одговор од страна на КИРМ, додека 2 поднесоци се отфрлени како неуредни, недозволени или поради ненадлежност. 3 се повлечени со поднесок за повлекување од странка.

По пријавите по кои е добиен одговор од страна на извршителот оформени се предмети и доставени на одлучување до Претседателот на КИРМ кој согласно чл. 69 ст.4 т. а) од Законот за извршување од Законот за извршување е надлежен да ги решава конфликтите меѓу извршителите или меѓу извршителите и нивните странки кои се однесуваат на примената на овој закон.

Претседателот на КИРМ разгледа 32 предмети кои се однесуваа на работата на извршителите, по повод кои одлучи да не се поведува дисциплинска постапка од причина што по основ наводите од поднесок од странката не беа утврдени состојби кои укажуваат на сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот.

Поднесоците кои се однесуваат на примена на Тарифата за награда и други трошоци за работа на извршителите, се доставени до Претседателот на КИРМ кој во рамките на својата надлежност донесе **32 мислења** по чл. чл.69 ст.4 т.б) од ЗИ.

Согласно чл. 69 став 4 в.в чл. 59-а став 2 од Законот за извршување, Претседателот на КИРМ како овластен поднесувач на предлог за дисциплинска постапка поднесе **6 предлози** за дисциплинска постапка против извршител.

Дисциплинската комисија при КИРМ достави

- 11 известувања до Народниот правобранител на РМ по пристигнати барања за известување со барање за преземање дејствија од страна на НП на РМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите.

- Писмен одговор со достава на барани списи од предмет до РМ Државна комисија за спречување на корупцијата во врска со претставка за постапување на конкретен извршител.

- Писмен одговор со барани списи од Државно правобранителство на РМ по основ барање податоци во врска со поднесена пријава до КИРМ за постапување на конкретен извршител.

- Писмен одговор до Основно јавно обвинителство Скопје по повод кривична пријава од странка, а во врска со поднесена претставка до КИРМ за постапување на конкретен извршител

Дисциплинска комисија при КИРМ во текот на оваа извештајна година, од 1 февруари 2010 година до 1 февруари 2011 година, своите активности ги спроведе одржувајќи работни состаноци, седници и главни претреси на Дисциплинската Комисија.

Сите предлози за дисциплинска постапка се разгледани од страна на членот известител на Дисциплинската комисија од редот на извршителите и изработен е писмен реферат согласно Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Дисциплинската комисија.

Во Уписникот на дисциплински предмети на КИРМ заклучно со ден 01.02.2011 година заведени се вкупно **310 Дисциплински предмети** против извршители.

***Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ, во периодот од 1 февруари 2010 година до 1 февруари 2011 година одржа 29 седници.***

1. На ден 08.02.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

На седницата разгледани се 20 дисциплински предмети.

2. На ден12.02.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Тетово

На седницата разгледани се 5 дисциплински предмети.

3. На ден 03.03.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово

На седницата разгледани се 6 дисциплински предмети.

4. На ден 15.03.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Тетово

   Спроведени се само извиди во 1 ДП предмет, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

5. На ден 29.03.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

Спроведени се само извиди во 1 ДП предмет, седницата е одложена заради отсуство на членовите на ДК од редот на судиите.

6. На ден 15.04.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

Спроведени се само извиди во 1 ДП предмет, седницата е одложена заради отсуство на членовите на ДК од редот на судиите.

7. На ден 16.04.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино

На седницата разгледани се 10 дисциплински предмети.

8. На ден 21.04.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

Одржан е главен претрес по еден дисциплински предмет.

9. На ден 21.04.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка

Спроведени се само извиди во 1 ДП предмет, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

10. На ден 26.04.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје

На седницата разгледани се 3 дисциплински предмети.

11. На ден 26.04.2010 одржана е седница за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје

Одржан е главен претрес по еден дисциплински предмет .

12. На ден 28.04.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен

На седницата разгледани се 3 дисциплински предмети.

13. На ден 11.05.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино

Спроведени се само извиди во 2 ДП предмети, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

14. На ден 14.05.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка

Спроведени се само извиди во 1 ДП предмет, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на извршителите.

15. На ден 18.05.2010 година одржана е седницата за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш

На седницата разгледани се 5 дисциплински предмети.

16. На ден 19.05.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен Тетово

Спроведени се само извиди во 5 предмети, седницата е одложена заради отсуство на член на ДК од редот на судиите.

17. На ден 19.05.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево

На седницата разгледани се вкупно 4 дисциплински предмети.

18. На ден 03.06.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино

На седницата разгледани се 2 дисциплински предмети.

19. На ден 03.06.2010 година одржана е седница за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија. Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино

Одржан е главен претрес по еден дисциплински предмет

20. На ден 18.06.2010 одржана е седница за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка

Одржан е главен претрес по еден дисциплински предмет и разгледани се 2 предмети.

21. На ден 05.07.2010 година конститутивната седница на постојаниот состав на Дисциплинската комисија на КИРМ е одложена заради немање кворум

22. На ден 8.07.2010 година одржана е конститутивната седница на постојаниот состав на Дисциплинската комисија на КИРМ

На седницата се избрани претседател и заменик претседател, член известител и заменик член известител на ДК при КИРМ.

23. На ден 30.07.2010 г. одржана е седница на Дисциплинска Комисија

Разгледано е Решение на Основен суд во врска со постапка против извршител.

24. На ден 22.09.2010 г. одржана е седница на Дисциплинска Комисија

Разгледани се 3 ДП предмети и одржан е еден главен претрес.

25. На ден 18.10.2010 г. Дисциплинската Комисија на КИРМ одржа главен претрес по дисциплински предмети

26. На ден 28.10.2010 г. Дисциплинската Комисија на КИРМ одржа главен претрес по дисциплински предмет

27. На ден 18.11.2010 г. одложена е седницата на Дисциплинска Комисија заради отсуство на членовите на ДК од редот на судиите.

28. На ден 30.11.2010 г. Дисциплинската Комисија на КИРМ одржа главен претрес по дисциплински предмет

29. На ден 22.09.2010 г. одржана е седница на Дисциплинска Комисија

Разгледани се 2 дисциплински предмети

На одржаните седници беа разгледани вкупно 60 дисциплински предмети и беа донесени следните одлуки на ДК:

**42 решенија** со диспозитив : "да не се поведува дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда"

**2 решенија** со диспозитив: "се поведува дисциплинска постапка"

**3 решенија** со диспозитив: "се доставува на надлежност на Претседателот на КИРМ согласно член 69 од ЗИ"

**1 решение** со диспозитив: "се констатира повлекување на пријавата"

**1 решение** со диспозитив: "пријавата се отфрла како неуредна"

**1 решение** со диспозитив: "пријавата се отфрла како беспредметна"

**3 решенија** со диспозитив : "се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда"

Дисциплинската комисија донесе **6 решенија** за изрекување на дисциплински мерки и тоа:

- **1 решение** за изрекување на дисциплинска мерка усен укор на извршител
- **5 решенија** за изрекување на дисциплинска мерка парична казна на извршител

ДК ги донесе следниве **заклучоци** :

**1 заклучок** за спојување на ДП предмет и **14 заклучоци** за одложување на претходна постапка заради прецизирање на произнесување и прибирање дополнителни списи од предмет, **6 заклучоци** за главен претрес, 1 заклучок за изземање на член на Дисциплинска комисија и задолжување за негов заменик.

Дисциплинската комисија донесе **6 решенија** за изрекување на дисциплински мерки и тоа:

- **1 решение** за изрекување на дисциплинска мерка усен укор на извршител
- **5 решенија** за изрекување на дисциплинска мерка парична казна на извршител

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување ("Сл. Весник бр.50 од 13.04.2010 година"), кој започна да се применува од 21.06.2010 година, Претседателот на Комората на извршители може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка заради повреди на Кодексот за професионална етика на извршителите и обврските предвидени во Статутот и другите општи акти на Комората и утврдени состојби кои укажуваат на сторена дисциплинска повреда од извршен надзор согласно со актите на Комората, како и по иницијатива на странките и учесниците во извршувањето за поведување на дисциплинска постапка доколку наводите во иницијативата се однесуваат на повреди определени со овој закон, следствено на што Дисциплинската комисија при КИРМ на ден 30.07.2010 година со Записник за достава на надлежност на дисциплински предмети му ги достави на надлежност на претседателот на КИРМ дисциплински предмети против извршители, по повод по пријави од странки.

До Дисциплинската комисија беше поднесена 1 **жалба** по ДП решенија, **кои беа проследени до Министерот за правда** како орган надлежен да решава во втор

степен по одлуките на ДК, согласно чл.59 ст.6 од Законот за извршување. Оваа жалба Министерството за правда **со решение ја отфрли како недозволена.**

Во текот на оваа извештајна година беше поведен еден **управен спор** пред Управен суд на РМ по повод Решение на Дисциплинската комисија на КИРМ со кое се изрекува дисциплинска мерка против извршител.

Министер за правда како овластен предлагач на дисциплинска постапка согласно чл. 59 а ст. 4 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка врз основа на извештај за извршен надзор. Во текот на оваа извештајна година Министерот за правда поднесе **3 предлози** за поведување на дисциплинска постапка против извршител.

**Број на спроведени редовни и вонредни надзори од Министерство за правда доставени до КИРМ во оваа извештајна година е 69 извештаи од извршен надзор над работата на извршител.**

Надзорната комисија при УО на КИРМ спроведе 13 надзори во канцеларијата на извршител по повод одлука на УО а врз основа извештај за извршен назор од Министерство за правда. Констатирано е дека по повод наводите од извештајот од правда извршителот се корегирал и ги отстранил утврдените пропусти од извештајот за надзор на овластените лица од Министерството за правда.

**II. Б. Активности на КИРМ - одржани едукативни средби, обуки и свечени настани**

Во текот на оваа извештајна година, заради стручна обука и едукација на извршителите на РМ, КИРМ одржа 3 семинари, и тоа:

**1) Семинар за стручна едукација на извршители, одржан на ден 19 јуни 2010 година во Скопје, во просториите на "Дом на АРМ"** со следниве теми:

Прва тема: "Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување(Сл.весник на РМ бр. 50 од 13.04.2010 година)- практична примена на измените.

Предавачи: д-р Арсен Јаневски, професор по граѓанско процесно право на Правен факултет " Јустинијан I ", при Универзитеот " Св. Кирил и Методиј" – Скопје и извршител Снежана Фитеска од Скопје;

Втора тема: "одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување што се однесуваат на Дисциплинската комисија "

Предавач: извршител Алберто Ребула претседател на Дисциплинската комисија на КИРМ;

**2) Семинар за стручна едукација на извршители кој се одржа во Струга (хотел "Дрим "), на 25-26 -ми септември 2010 год на кој беа третирани следниве теми:**

- Измени и дополнувања на Законот за извршување:

Извршно дејствие -поднесување на барање за распишување на потрага по моторно возило (чл.40 од Законот за извршување);

Извршување врз побарување по сметка кај банка (чл.137 ст.2 од Законот за извршување):

- Реализација на рачна залога околу одземање на заложна ствар.

( Иницијатор на дискусијата, извршител Алберто Ребула )

- Измени на Законот за парнична постапка

(Иницијатор на дискусијата, извршител Антончо Коштанов)

- Законот за проценка и Законот за вештачење

( Иницијатор на дискусија, извршител Љупчо Јованов)

- Презентација на софтверското решение на Клириншка куќа АД Скопје, од страна на изготвувачите и обука на извршителите за негово користење - за добивање на броевите на трансакциските сметки на должниците.

**3) Семинар за стручна едукација на извршители, одржан во деновите 10- ти и 11- ти декември 2010 година во Скопје, во просториите на хотел "Континентал, на кој беа разработени следниве теми:**

Прва тема: "Изземање или неможност за извршување врз удели во инвестициски фондови, или врз осигурување на живот"

Иницијатор на темата, извршител Златко Пејовски од Скопје;

Втора тема: "Извршување врз подвижни заложни предмети и согласност од трето лице"

Иницијатор на темата, извршител Гордан Станковиќ од Скопје;

Трета тема: "Достава на судски писмена, согласно измените на Законот за парнична постапка, во делот на доставата"

Иницијатор на темата, извршител Александар Тасевски од Скопје.

Четврта тема: "Супсидијарна примена на одредбите од Законот за парнична постапка"

Предавачи: г-дин Владимир Бабунски, судија во Врховен суд на РМ; и г-дин Ѓорѓи Радојков, судија во Основен суд Скопје 2 Скопје.

КИРМ, оваа година одржа **еден свечен настан** и тоа:

новогодишен коктел, на ден 24.12.2010 година, во фоајето на МОБ.

## II. В Меѓународни активности на КИРМ

Оваа изветтајна година, КИРМ, со своите активности беше особено присутна на меѓународен план. Во однос на учеството на претставници на КИРМ во Меѓународната Унија на извршители, битно е да се напоменат следниве настани и состаноци:

1) Во периодот од 14 до 15 април 2010, делегација на КИРМ, присуствуваше на состанок на Евродунавската група, одржан во Печ, Унгарија

2) Во периодот од 5 до 6 мај, 2010, делегација на КИРМ, учествуваше на состанокот на Постојаниот Совет на МУСИ, кој се одржа во Глазгов, Шкотска

3) Во периодот од 20 до 22 октомври 2010, делегација на КИРМ, учествуваше на состанокот на , Евродунавската група, кој се одржа во Прага, Чешка

4) Во периодот од 23 до 27ноември , 2010, делегација на КИРМ, учествуваше на состанокот на Постојаниот Совет на МУСИ, кој се одржа во Париз, Франција.

Покрај ова, претставници на КИРМ зедоа учество на 2 регионални состаноци организирани од страна на БЕРП (Проектот за реформа на извршувањето на Балканот), со посредство ГТЗ во:

- Драч, Албанија, во периодот од 7 до 8 јуни 2010 ( тема на овој регионален состанок беше "Подготовка на Прирачникот за транспарентност на средства")
- Прагно, Црна Гора, во периодот од 30.11 до 01.12 2010 (тема на овој регионален состанок беше повторно "Подготовка на Прирачникот за транспарентност на средства")

Покрај овие активности, Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа ( ГТЗ), организираше конференција, која се одржа во Цавтат, Хрватска, на тема "Форум за граѓанско право за Југоисточна Европа", на која, во периодот од 28 до 29 октомври 2010, учествуваше Претседателот на КИРМ, Антонио Коштанов.

Во рамките на меѓународните активности, потребно е да се напомене и зајакнувањето на билатералната соработка со Бугарската комора, во смисла на масовно присуство на претставници од КИРМ во периодот од 2 до 4 декември 2010, во Софија, Бугарија, по повод прославата на 5 годишнината од основањето на Бугарската комора на извршители.

Интересот пак за функционирањето на извршувањето во РМ, беше истакнат преку посетата на нашата Комора, од страна на судии од држави – членки на ЕУ ( како и претходната година) , кои престојуваа во повеќедневна посета на Република Македонија, а по покана на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ, во рамките на програмата за размена на Европската правосудна мрежа за обука. Со ова, дојде до израз континуирано добрата соработка на КИРМ со Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ .

## III. Односи на КИРМ со домашни и странски институции

## III. А Односи на КИРМ со домашни институции

### I. Односи со Министерството за правда на РМ

Нивото на односите помеѓу КИРМ и Министерството за правда на РМ, е од исклучително значење, пред се, поради поставеноста на МП како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора.

КИРМ во текот на оваа година има одговорено на речиси сите барања кои и биле упатени од страна на МП, во смисла на учество на претставници на КИРМ во работни групи за изготвување на закони, а како особено значајно е присуството на Претседателот на КИРМ во работната група при МП за измени и дополнувања на Законот за извршување, како и учество на тркалезни маси и одговарање на прашалници за потребите на МП, ажурно доставување на податоци од секаков карактер за членовите на КИРМ. Треба да се напомене дека извршителите редовно доставуваат месечни извештаи за својата работа до МП.

Министерството за правда на РМ е редовно известувано и консултирано за сите проблеми со кои се соочуваат извршителите во спроведувањето на Законот за извршување, но и за проблемите кои се јавуваат помеѓу КИРМ и останатите институции.

Исто така, претставници од МП, се без исклучок поканувани на сите семинари и обуки на извршителите, после кои до МП се доставуваат записници, заклучоци и известувања за донесување на акти на КИРМ. Особено го нагласуваме Европскиот ден на граѓанска правда, кој беше одбележан на 25.10.2010 година во организација на Министерството за правда, во рамките на кој проект извршителите земаа свое активно учество во активностите на подрачните единици на МП низ општините на РМ, со цел приближување на Законот за извршување до граѓаните.

Може да констатираме дека односот на Министерството за правда на Република Македонија кон Комората на извршители на Република Македонија, не е подобрен, особено во поглед на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, која согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување (Службен весник на РМ, бр.50 од 13.04.2010 година) сега спаѓа во надлежност на Министерот за правда, неопходно е да се нагласи дека претставници од Комората постојано беа во преговори со Министерот за правда, кој како носител на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, во два наврати достави предлози на Тарифата на мислење на Комората. КИРМ по повод овие предлози свика две вонредни Собранија на своите членови, при што извршителите донесоа свои одлуки и реакциите со свои предлози и образложенија по повод предложените текстови на Тарифата беа доставени до Министерот за правда во форма на Мислења на КИРМ. Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, донесена од страна на Министерот за правда беше објавена од страна на Министерството на правда во Службен весник на РМ бр.9 од 25.01.2010 година, во најголем дел неприфаќајќи ги предлозите на Комората на извршители.

Во духот на ЗИ, битно е да се назначи и дека од страна на Министерството на правда, во текот на оваа извештајна година, беа предложени и подоцна донесени од страна на Собранието на РМ уште три измени и дополнувања објавени во Сл. Весник 83/10, 88/10 и 171/10, мноштвото од кои одредби се однесуваат на дисциплинската одговорност и Дисциплинската комисија на КИРМ. Согласно што, сега во постојаниот состав на ДК на КИРМ членува и еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда, кои редовно земаат учество на седниците на ДК на КИРМ, заедно со членовите од редот на судиите по предлог на Судскиот совет

на Република Македонија, благодарение на што ДК при КИРМ функционира, непречено без застој во својата работа.

Битно е да се нагласи дека Уставниот суд на РМ во октомври 2010 година донесе Решение за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 54-д алинеа 3 од Законот за извршување и чл. 53 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување ( Сл. Весник бр.50/2010 година) по иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на означените членови од ЗИ.

Од особена важност за поволниот развој на односи помеѓу нашите две институции е меѓусебната доверба во намерите за создавање на подобар Закон за извршување, со почитување на искуството од практичната примена на законот и согледување на неговите пропусти и недостатоци пред се од страна на извршителите, кои го применуваат во практиката и секојдневното работење со него, а со цел за унапредување на системот на извршување во РМ во целина.

## 2. Односи на КИРМ со други институции

КИРМ иницира одржување на средби со сите институции кои имаат допирни точки со работата на извршителите, со цел да се изнајдат решенија за конкретни проблеми на кои наидуваат извршителите при вршењето на нивната работа.

Со **Државното правобранителство на РМ**, во текот на оваа извештајна година беа остварени повеќе средби, заради надминување на проблемите на кои наидуваше оваа институција при спроведувањето на Законот за извршување.

Што се однесува до активноста на КИРМ со **основните судови на подрачјето на Република Македонија**, КИРМ редовно ги проследува решенијата за времена мерка, до сите извршители на подрачјето на судот кој го донесува решението. Покрај тоа, контактот на КИРМ со судовите во РМ постои и во однос на составот на ДК на КИРМ, во која членуваат по двајца судии и нивни заменици, предложени од страна на Републички Судски Совет, а избрани од страна на Собрание на КИРМ.

Во однос на соработката на КИРМ со **Државната комисија за спречување на корупција на РМ**, важно е да се напомене именувањето на наш член во оваа Комисија, со цел редовно следење на состаноците на оваа Комисија.

Членовите од КИРМ одржаа 2 средби со претставници од **банките на РМ и Народна банка на РМ**, со цел изнаоѓање заедничко прифатливо решение во однос на прашањето за постапувањето по налог за извршување за блокади на трансакциски сметки. Сепак, овој проблем и понатаму останува отворен, со надеж дека во наредната година истиот ќе биде разрешен.

На барање на КИРМ **Клириншката куќа АД Скопје**, која го води единствениот регистар на иматели на сметки, оваа година изготви софтверско решение за добивање информации за броевите на трансакциските сметки на должниците. Со ова решение кое започна да функционира од септември/октомври 2010 година, извршителите започнаа да добиваат информацијата за броевите на сите трансакциски сметки и деловните банки кај кои се водат истите за должниците од едно место и со плаќање на една цена за услуга, со што за должниците се

намалија трошоците за извршување по овие основи за многу, бидејќи сега истите плаќаат само за едно барање информации, без достава која се врши преку интернет и со плаќање на само 500,00 ден. материјален трошок за информацијата наместо досега повеќе барања, повеќе достави и надоместок за секоја деловна банка, а кои надоместоци се движеа од 300,00 до 1.000,00 ден во зависност од ценовникот на деловната банка. Воедно овој дел на извршувањето се забрза од неколку денови на само неколку моменти, бидејќи истите се добиваат веднаш преку Интернет.

### III Б. Односи на КИРМ со невладини и странски институции

На големо задоволство на КИРМ и оваа година продолжи соработката помеѓу КИРМ и **УСАИД/проектот за имплементација на судските реформи**, која оваа година подразбираше присуство на извршителите на обуки за справување со стрес, финансиски поткрепени од овој проект. Во тој контекст, ќе УСАИД оствари соработка со двајца видни психолози и психијатри со цел обучување на извршителите за што полесно и поуспешно справување со стресните ситуации, предизвикани од самата природа на нивната професија. Овие обуки се оствариja преку одржување на 8 работилници, на кои учествуваа сите извршители на РМ, а истите се одржаа на различни датуми и локации , во периодот од 12 март до 15 мај 2010.

Членството на КИРМ во **МУСИ и во Евродунавската организација**, како дел од МУСИ, подразбира учество на состаноци и средби кои овие организации редовно ги одржуваат, а на кои КИРМ, оваа извештајна година зема активно учество, со присуството на нејзина делегација на средбите на Евродунавската организација, одржани во Унгарија и Чешка.

Активната поддршка која на КИРМ и ја пружа **проектот БЕРП „Регионална програма за поддршка на правото на извршување во земјите Западен Балкан"**, е погоре илустрирана, преку постојаните покани од страна на менаџерите на овој проект за учество на наши претставници на работилници и семинари во земјите од Западен Балкан, со цел промовирање на македонскиот систем на извршување, но и обука на извршителите од РМ за европските и светските стандарди во извршувањето, преку предавања на странски експерти во Република Македонија и странство.

Сепак, најголемата помош на овој проект за извршителите во РМ и Комората на извршители на РМ, претставува паричната помош за набавка на софтвер за потребите на КИРМ за кој беше и распишан тендер од страна на ГТЗ, и истиот беше доделен на фирмата 4ward.

Целта на овој проект е да се овозможи заштита од двојно извршување на една извршна исправа од страна на различни извршители, како и заштита од можна злоупотреба од страна на несовесни доверители.

Во таа насока беше воведен систем на централно прибирање на податоци за потребите на Комората на извршители на Република Македонија кои содржат идентификација на секој извршител посебно, со можност за информирање на извршителот дека под таа извршна исправа веќе тече извршување.

По претходно обавените активности во таа насока од страна на Германско друштво за техничка соработка ( ГТЗ ) , меѓу кои: изборот на фирма за изготвување на ваков систем по пат на тендерска постапка и двата одржани состаноци помеѓу претставници од горенаведената фирма 4WARD, претставници од Германско друштво за техничка соработка и претставници од Комората на извршители на Република Македонија (поднесени во прилог ), на кои беа прецизирани целите на проектот и начинот на нивно реализирање, беше остварена и средба помеѓу претседателот на Комората на извршители на Република Македонија, г-дин Антонио Конханов со претставници од Министерството за правда на Република Македонија, на која беше добиено официјално одобрување за инсталирање на еден сервер ( slave back - up) во просториите на Министерството.

За жал, во текот на реализацијата на проектот, наидовме на голем број неправилности при самото осмислување на софтверот и констатиравме негова нефункционалност или во најдобар случај, делумна функционалност, поради што, по укажување на нашиот ИТ експерт, се одржаа неколку средби со ГТЗ со цел разрешување на постоечкиот проблем. Во текот на наредната година веруваме дека ќе се изнајде солуција за овој проблем.

## **Планови на КИРМ за 2011 година**

Плановите на КИРМ за следната година, на полето на финансиите, се насочени кон нов прилив од членарина на новоименуваните извршители.

Особен акцент се планира да биде ставен на континуираната едукација на извршителите и тоа преку одржување на поголем број на семинари, на кои како предавачи ќе бидат поканети домашни и странски експерти од сферата на извршувањето, но и на останатите области на правото.

Меѓународната промоција и активност на КИРМ ќе продолжи да биде една од битните цели на КИРМ, и се надеваме дека истата ќе биде успешно остварувана, преку активностите на КИРМ во МУСИ и Евродунавската организација. но КИРМ си поставува задача да иницира и средби со регионалните комори и да ги зацврсти билатералните односи со истите, заради размена на искуства. Како посебен настан кој ќе ја обележи 2011 година е прославата на 5 годишнината од постоењето на КИРМ, која ќе се одржи во месец јуни, а на која ќе бидат поканети голем број претставници од МУСИ, Евродунавскатагрупа и соседните држави, како и значителен број на претставници од домашните институции. Целта на овој свечен настан е истакнување на позитивните резултати од воведувањето и функционирањето на приватното извршување во Република Македонија, како и успешното етаблирање на Комората како на домашен, така и на меѓународен план, но и подобрување на релациите на Комората со останатите комори и здруженија на извршители. Со цел, што поуспешна организација на овој значаен настан беше избран Организационен одбор за прославата, кој веќе го одржа својот прв состанок. Секако, веќе се размислува за прибавување и на дополнителни финансиски средства за овој настан, во форма на спонзорства.

Во однос на релациите со домашните институции, нам ни е мошне важно да се подобри соработката со МП.


24

*Сепак, Собранието на КИРМ, усвојувајќи го овој Извештај за работа за 2010 год., изразува сомнеж и не превзема никаква одговорност за очекуваното остварување на поставени резултати во иднина 2011 год. Ова поаѓајќи од фактот да од страна на Министерот за правда почнувајќи од 10 февруари 2011 год., ќе биде во примена Тарифа која според Министерството за правда е 32% намалена во однос на досегашната. Собранието истакнува дека овој сомнеж и страв за иднината на сите 154 вработени во извршителските канцеларии (79 извршители и 375 вработени), се темели на очекувано намален прилив на парични средства за наведените 32% според Министерството за правда, а во наше наоѓање со оглед на структурата на предметите (од најголем број на предмети кои се кај нас во работа се т.н. предмети со мала вредност каде главниот долг е до 300 евра, а кај нив намалувањето е до дури 80% во однос на досегашната тарифа) ова намалување на приходите ќе биде за повеќе од 50% од досегашниот. Со вака намалени приходи за повеќе од 50% од досегашните, ниту ќе може да плаќаме толкав број на вработени, ниту толкав деловен простор (6.289 м² во овој момент, или повеќе од три судски згради, со колку што никогаш не располагале судовите во РМ само за поранешните извршни одделенија), ниту експлоатација и одржување на толку возила (87 во овој момент), а сето тоа сакале ние или не ќе се одрази и на нашата ефикасност и ефективност, како во работењето на нашите извршителски канцеларии, така и во работењето на Комората и активностите кои таа ги спроведува. Ова со оглед да сите наши трошоци во канцелариите и трошоците во работењето на Комората досега, а и во иднина сами ги покриваме, односно од Буџетот на РМ не сме побарале никогаш никакви средства, туку напротив со плаќање на ДДВ за секое наше дејствие - односно секој бруто приход во износ од 18% и персонален данок на нашите чисти примања во износ од 10% придонесуваме во неговото секојдневно полнење.*

Добрата соработка со УСАИД со сигурност ќе продолжи со оглед на веќе најавените нови обуки и семинари .

**Скопје, 07.02.2011**

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Антонио Коштанов**